АЕК
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став 4) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15 и 193/15), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на 21.03.2017 година го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

I

**СЕ ОТПОВИКУВА** одобрението за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба со евидентен број 107043 издадено од Агенцијата за електронски комуникации на корисникот ДПУТ КИКО - ПРОМ Орце ДООЕЛ Куманово со адреса во нас. Ајдучка Чешма ул. 320 бр.21 во КУМАНОВО (старата адреса е нас. Иго Тричковиќ ул.9), по барање на корисникот.

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

III

Ова решение е конечно.

**Образложение**

Агенцијата за електронски комуникации му издаде одобрение за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба со евидентен број 107043 на ДПУТ КИКО - ПРОМ Орце ДООЕЛ Куманово.

На 03.03.2017 година извршен е вондреден стручен надзор и со Записник број 0805-906/1 констатирано е дека корисникот ДПУТ КИКО - ПРОМ Орце ДООЕЛ Куманово не користи радиокомуникациски систем за сопствени потреби, односно за вршење такси дејност не ја користи фреквенцијата 146.200MHz во симплексен режим на работа доделена по одобрение за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба со евидентен број 107043. При тоа, претставникот на ДПУТ КИКО - ПРОМ Орце ДООЕЛ Куманово изјави дека не користи повеќе радиокомуникациски систем за фирмата ДПУТ КИКО - ПРОМ Орце ДООЕЛ Куманово и побара да се отповика одобрението за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба со евидентен број 107043.

Врз основа на горенаведеното, согласно член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став 1) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15 и 193/15), се донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поднесе тужба до Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.**

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Наш број: уп1-бр.0802-487
Скопје,22.03.2017

Изработил: Раководител на Одделение за фиксна
и мобилна служба: Радка Шекутковска
21.03.2017

Раководител на Сектор за радиокомуникации:
Јане Јакимовски

**По овластување од Директорот,**

**Игор Бојаџиев**

**Доставено до:**
- странка
- архива
- Сектор за радиокомуникации
- Сектор за контрола и мониторинг на радиофреквенциите- Сектор за финансии и сметководство